# **УПАТСТВО** ЗА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ СО ЦЕЛ АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ АКТИВИСТИ И МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОЦЕСИТЕ **ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО**



Проектот е финансиран од Европската унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЗЕЛЕН договор
ЗАТОА ШТО НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА

МЗМП

GoGreen

creACTive

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ
#ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ

Упатство за најдобри практики со цел активно вклучување на младите активисти и младинските организации во процесите за заштита на животната средина на локално ниво

**Издавач:**
Македонско здружение на млади правници (МЗМП)

**Автор:**
Петар Барлаковски, претседател на
Македонскиот Образовен Форум (МОФ) и млад делегат на ОН

**Уредник:**
Ангела Шумкоска

**Лектура:**
Весна Костовска

**Ликовно и графичко обликување:**
Харис Муриќ

**Скопје, 2023**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.21-053.6:[352.077:502.17(497.7)(083.13)
323.21-053.6:[352.077:502.17(4-672ЕУ)(083.13)

БАРЛАКОВСКИ, Петар
Упатство за најдобри практики со цел активно вклучување на младите активисти и младинските организации во процесите за заштита на животната средина на локално ниво [Електронски извор] / [автор Петар Барлаковски]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/Upatstvo-za-najdobri-praktiki-so-cel_final.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 24 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 02.05.2023. - Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс 1-3

ISBN 978-608-4843-78-8

а) Животна средина -- Заштита -- Младинско учество -- Локална самоуправа
-- Македонија -- Упатства б) Животна средина -- Заштита -- Младинско
учество -- Локална самоуправа -- Европска Унија -- Упатства

COBISS.MK-ID 60208389

*Напомена: Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.*

*Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Македонското здружение на млади правници и не треба на кој било начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.*

Проектот е финансиран од Европската унија
ЕУ со ТЕБЕ
ЗЕЛЕН договор
ЗАТОА ШТО НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ПЛАНЕТА
МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ
#ЗА ПОЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ
МЗМП
GoGreen

# СОДРЖИНА

**1. Вовед** 1
1.1. Која е целта на ова упатство и за кого е наменето? 2
1.2. Методологија и методолошки пристап 3

**2. Компаративен преглед на младинското учество поврзано со процесите за заштита на животната средина на локално ниво** 4
2.1. Дански младински совет за климатски промени 4
2.2. Австрискиот младински совет за климатскки промени 5
2.3. Специјализирани младински делегати за климатски промени и заштита на животната средина 5
2.4. Локални активности со млади поврзани со животната средина и климатските промени 6
2.5. Соработка со партиските подмладоци на зелените партии 6

**3. Преглед на национални законски акти што го регулираат учеството на граѓаните/младите во процесите на носење одлуки на локално ниво поврзани со заштитата на животната средина** 7
3.1. Устав на Република Северна Македонија 7
3.2. Закон за младинско учество и младински политики 7
3.3. Закон за локалната самоуправа 9
3.3.1. Надлежност на општината 9
3.3.2. Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето 9
- Граѓанска иницијатива 9
- Собир на граѓани 9
- Референдум 10
- Претставки и предлози 10
3.4. Закон за заштита на животната средина 10
3.4.1. Извештај за состојбата на животната средина 10
3.4.2. Локален акциски план за животна средина 11
3.5. Закон за инспекциски надзор во животната средина 12
**4. На кој начин младите активно да се вклучат во процесите за заштита на животната средина на локално ниво?** 13
4.1.1 Опис на скалилата на младинско учество 14
4.1.2. Чекори за решавање на проблемот во мојата општина 15
4.1.3. Креативни алатки за зелен младински активизам 19
**5. Анекси**
5.1. - Урнек од писмен поднесок- барање 22
5.2 - Образец за поднесување претставка/ реакција 23
5.3. - Барање за пристап до информации од јавен карактер 24

# 1. ВОВЕД



**„Ги украдовте моите соништа и моето детство со вашите празни зборови. А сепак јас сум една од среќните. Луѓето страдаат. Луѓето умираат. Цели екосистеми се распаѓаат. Ние сме на почетокот на масовно исчезнување, а сè што правите вие е да зборувате за пари и бајки за вечен економски раст.**
**Како се осмелувате?!“**

Грета Тунберг, септември 2019 година

Ова претставува дел од говорот на младата Грета Тунберг на Светскиот самит за климатска акција што се одржа во септември 2019 година во Њујорк. Грета Тунберг е светски позната млада активистка, која со нејзиниот еко-активизам успеа да мобилизира илјадници млади луѓе ширум светот, а сè со цел поголем притисок врз меѓународните и националните власти во насока на поголем напор во борбата со климатските промени и заштитата на животната средина. Зелениот активизам на младата шведска активистка, несомнено, се рефлектираше и врз младите во нашата земја и тие, како и останатите врсници од целиот свет, ја препознаа итноста на ситуацијата и посочија зошто е важно да се реагира и да се изврши притисок врз националните и локалните власти.

Согласно дефиницијата на Обединетите нации, климатските промени се однесуваат на долгорочни промени во температурите и временските појави. Овие промени може да бидат природни, но од 19-тиот век, човековите активности се главниот двигател и причинител на климатските промени, првенствено поради согорувањето на фосилните горива (како што се јаглен, нафта и гас), кои емитираат стакленички гасови што ја задржуваат топлината.

Климатските промени, како такви, имаат огромно влијание врз секојдневното живеење на луѓето. Зголемувањето на температурите, почестите невремиња, како и пожарите се директни последици од климатските промени. Овие климатски промени имаат свое влијание во сите сфери од општеството и не само што имаат економски, здравствени и образовни последици, туку последиците се појавуваат и во социолошката и во правната сфера. Со цел подобра заштита на животната средина и справување со последиците од климатските промени, клучни се националните и локалните институции, приватниот сектор, граѓанското општество, а оттука се појавува и потребата за интердисциплинарен и сеопфатен пристап заради решавање на клучниот проблем.

Во Република Северна Македонија, ситуацијата со заштитата на животната средина е далеку од сјајна. Државата сè уште се соочува со огромни проблеми поврзани со животната средина – зголеменото загадување на воздухот, недостигот на инфраструктура за правилно управување со отпад и заштитата на природата. Ова е нотирано и во последниот извештај на Европската комисија, специфично во поглавјето 29[1] во кое се вели дека:

**„...административниот капацитет на сите нивоа останува слаб со недоволно човечки и финансиски ресурси за спроведување и применување на постојното законодавство.**[2] Инспекциите што се извршуваат имаат слаб ефект. Нема подобрување во спроведувањето на Процената на влијанието врз животната средина, со недостатоци особено во процесите на јавни консултации и во квалитетот на извештаите. Недостигот на транспарентност и пристапот до информации и натаму се нерешени прашања.“

1 Извештајот може да се најде на следниот линк: https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657#.ZDxMxLpBwUF

2 Затемнувањето на реченицата е направено од авторот на упатството.

Недостигот на јавни консултации поврзани со креирањето политики се појавува како клучен проблем, кој покрај тоа што е констатиран во Извештајот на ЕК, се потврдува и со последното истражување[3] на Младинскиот образовен форум (МОФ) и Фондацијата за демократија на Вестминстер, каде што се утврдува дека „69,4 % од младите никогаш не биле консултирани од властите ниту на локално, ниту на централно ниво“. Согласно горенаведеното, се заклучува дека во нашата држава недостасува јавна консултација и активно вклучување на младите во процесите на креирање политики како специфична демографска група.

Младите се вброени како ранлива категорија од климатските промени и се една од најзасегнатите, но и најактивните групи што на светско, регионално, национално и локално ниво го крева гласот во борбата против климатските промени и заштитата на животната средина. Имајќи предвид дека последиците од климатските промени најмногу ќе се одразат на животот на оние што моментално се млади луѓе, суштинско е младинското учество во процесите на креирање политики од областа на заштитата на животната средина, митигацијата и адаптацијата кон климатските промени, познати и како зелени политики[4].

Властите треба особено да го имаат предвид фактот дека младинското учество, пред сè, е право што им овозможува на младите да бидат консултирани и да учествуваат во процесите на носење одлуки што директно се однесуваат и ги засегаат и нив и општеството во целина.

Притоа треба да се има на ум дека младите не претставуваат хомогена група и дека е важно при креирањето политики да се земат предвид мислењата и да се вклучат младите со различни позадини, без оглед на тоа дали станува збор за млади со попречености, млади од рурални средини или, пак, млади од други маргинализирани заедници, а во насока на креирање инклузивни процеси достапни за сите.

Финално, според зборовите на специјалната претставничка за млади на Генералниот секретар на ООН, ***„властите и носителите на одлуки треба задолжително да ги препознаваат идеите, решенијата и експертизата што младите луѓе ги носат на масата, со цел нивното учество и вклученост да има корист од процесот и да претставува значајно и вредно искуство“.***

# 1.1. КОЈА Е ЦЕЛТА НА ОВА УПАТСТВО И ЗА КОГО Е НАМЕНЕТО?

Ова упатство, пред сè, е наменето за младите во Република Северна Македонија, односно за младите активисти, младинските организации, граѓанските организации за млади и граѓанските организации што работат со млади, кои дејствуваат, односно сакаат да дејствуваат и да придонесат за борбата против климатските промени и заштитата на животната средина. Ова упатство содржи информации за најдобрите практики за активно вклучување на младите во процесот на заштита на животната средина, практики што се земени предвид од страна на најразвиените држави членки на ЕУ и државите што предничат со младинско учество во процесите што се однесуваат на заштитата на животната средина и климатските промени.

Дополнително, упатството содржи и преглед на националните законски акти што го регулираат учеството на граѓаните во процесите на носење одлуки на локално ниво, поврзани со заштитата на животната средина, како и преглед на институции што работат во полето на заштитата на животната средина и климатските промени. Во рамките на упатството, младите, односно младинските организации може да се запознаат и со начините на нивно вклучување во процесите на носење одлуки, пред сè, преку клучниот законски акт што го регулира младинското учество во државата – Законот за младинско учество и младински политики, но и преку други формални и неформални практики и начини што младите и младинските организации може да ги земат предвид при нивната желба за активно учество во борбата против климатските промени и заштитата на животната средина.

Финално, во рамките на упатството може да се најдат и обрасци од различни документи – ***Барање за пристап до информации од слободен карактер, Поплака, Претставка*** што може да им користат на активистите/организациите во нивниот локален активизам за заштита на животната средина.

3 Извештајот може да се најде на следниот линк: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/08/Studija-Socio-Politicko-Ucestvo-na-Mladi-2021-MK-sml-1.pdf

4 Зелени политики претставуваат политики што имаат цел да ја заштитат животната средина, да придонесат за одржлив развој и да понудат решенија што ќе го намалат влијанието на климатските промени

# 1.2. МЕТОДОЛОГИЈА И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Во процесот на изработка на упатството се направи деск-анализа, интервју, анкетен прашалник што беше споделен со млади активисти, односно младински делегати на своите држави во ООН како и се спроведе фокус група со претставници на младинските службеници од единиците на локалната самоуправа како и претставници на младинските организации и организации за млади.

Во однос на деск-анализата, анализирани беа релевантните прописи што ја регулираат материјата поврзана со: 1) заштитата на животната средина и климатските промени, 2) учеството на граѓаните во процесите на носење одлуки, како и 3) младинското учество во процесите на носење одлуки и младинското организирање на национално и на локално ниво. Од овие законски прописи беа извадени оние делови што авторот сметаше дека се најрелевантни за упатството во смисла на законски норми што може да им помогнат на младите активисти и на младинските организации во насока на поголем активирање со цел заштита на животната средина и борба против климатски промени на локално ниво.

1 **Прописи што ја регулираат материјата поврзана со заштитата на животната средина:**

***- Во овој дел најпрвин беше анализиран Уставот на Република Северна Македонија како највисок правен акт што ја предвидува заштита на животната средина, како и непосредните алатки и форми на граѓанско учество во процесите на носење одлуки. Дополнително беа направени анализа и преглед на Законот за животната средина, како и Законот за инспекциски надзор во животната средина.***

2 **Прописи што ја регулираат материјата што се однесува на учество на граѓаните во процесите на носење одлуки:**

***- Во овој дел беше анализиран Законот за локалната самоуправа во кој се објаснети алатките и непосредните начини за учество на граѓаните.***

3 **Прописи што ја регулираат материјата поврзана со младинското учество:**

***- Во овој дел беше анализиран Законот за младинско учество и младински политики како суштествен закон што го регулира младинското учество на национално и на локално ниво.***

Во однос на анкетниот прашалник, тој беше креиран со помош на „Google Forms“ и се состоеше од два дела – општи генералии за анкетираниот и вториот дел што претставуваше прашање, односно: Како вашата држава ги вклучува младите луѓе во процесите на носење одлуки што се однесуваат на климатските промени? (How does your country include young people in decision-making processes regarding climate change?) Прашањето беше отворено со цел да им се даде целосна слобода на анкетираните во однос на нивниот одговор. Прашалникот беше отворен од 10 јануари до 31 јануари. Тој беше споделен до неформална група на младинските делегати при ООН. На прашалникот одговорија 5 делегати специфично од Австрија, Белгија, Луксембург, Словачка и Швајцарија. Дополнително, направено беше и кратко интервју со младинскиот делегат на ЕУ во ООН.

Фокус групата беше одржана онлајн на платформата ,,ZOOM'' . Истата се состоеше од презентација на Упатството за најдобри практики со цел активно вклучување на младите активисти и младинските организации во процесите за заштита на животната средина на локално ниво во драфт верзија. Основна цел за одржување на фокус групата беше претставниците од единиците на локалните самоуправа како и претставниците на младинските организации да дадат свој придонес во процесот на финализација на упатството.

# 2. КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО ПОВРЗАНО СО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

## 2.1. Данскиот младински совет за климатски промени

Данскиот младински совет за климатски промени претставува тело во рамките на Министерството за клима, енергија и комунални услуги. Младинскиот совет за климатски промени носи нови перспективи во данската политика за климатски промени и доставува предлози до министерот за идните климатски решенија. Дополнително, Младинскиот совет за климатски промени изготвува препораки до министерот двапати годишно, додека, пак, претходно има презентирано свои препораки што се однесуваат на енергетскиот сектор, одржливото земјоделство, Северното Море и сл. Членовите на Младинскиот совет за климатски промени се именуваат за период од една година, а доаѓаат од сите делови на Данска од различни области на студии и имаат различни пристапи кон заштитата на животната средина и борбата со климатските промени. Идејата за овој совет произлегла од младите делегати што присуствувале на Конференција на страните потписнички на Рамковната конференција за климатски промени на ОН (Conference of Parties, уште позната и како COP)[5] во Полска.

Оттука, ова претставува одлична идеја за младите зелени активисти, како и за младинските организации што работат во полето на заштитата на животната средина со цел да започнат процес со кој ќе иницираат и формирање ваков совет при Министерството за заштита на животната средина, каде што ќе се формира формално тело составено од млади луѓе, а кое ќе доставува препораки и иницијативи до министерството во насока на посериозно третирање на проблемот со заштитата на животната средина и климатските промени.

Во моментот на пишување на ова упатство, во процес на изготвување е Законот за климатска акција со кој се предвидува основање Национален координативен совет за климатска акција.

Овој Национален координативен совет е предвиден како механизам преку кој ќе се обезбеди давање насоки, мислење и препораки за севкупните климатски акции што се преземаат на национално ниво, а со кои ќе се олесни спроведувањето на климатската акција и ќе се придонесе за интегрирање на климатските акции во секторските политики, планови и мерки, со особен акцент на интегрирањето на енергетските и климатските политики. Како постојни членови во овој Национален совет, предвиден е еден претставник од граѓанскиот сектор, со можност за дополнителен претставник од младинскиот сектор.

Имајќи ја предвид оваа информација, младинските организации што се занимаваат со зелени политики и, општо, што работат во полето на заштитата на животната средина и климатските промени може го посочат примерот со Данска како добра практика на вклучување на младите во процесите на креирање зелени политики.

5 Повеќе за COP на следниот линк: https://unfccc.int/process/bodies/supreme-bodies/conference-of-the-parties-cop

## 2.2. Австрискиот младински совет за климатски промени

Слично како во Данска, и во Австрија постои Младински совет за климатски промени. Ова тело функционира во рамките на Националниот младински совет на Австрија. Телото е финансирано од страна на Националниот младински совет, но и од страна на Австриската влада. Сочинет е од околу 70 млади луѓе од целата држава што во неколку сесии низ годината дебатираат во однос на одредени предлози поврзани со заштитата на животната средина и климатските промени, по што тие понатаму се презентираат пред парламентарците од сите партии во Австрија.

Имајќи го предвид ова, Националниот младински совет на Македонија, како најголема младинска чадор-организација во државата, како и нејзините членки може да го следат примерот на младите од Австрија и да иницираат формирање Младински совет за климатски промени во рамките на Националниот младински совет на Македонија. Ова тело може да претставува почеток за поголемо вклучување на младите и младинските организации во процесите на носење одлуки што се однесуваат на климатските промени и заштитата на животната средина.

## 2.3. Специјализирани младински делегати за климатски промени и заштита на животната средина

Голем дел од европските држави, освен што имаат предвидено младински делегати за учество во работата на Обединетите нации, имаат и младински делегати за климатски промени и заштита на животната средина. Улогата на овие младински делегати е да учествуваат на важни настани и конференции ширум светот, како што е, на пример, COP, а кои се однесуваат на борбата со животната средина и климатските промени. На овие светски настани, тие ги презентираат проблемите, иницијативите и предлозите од страна на младите луѓе од својата држава, а тоа се членови на официјалната делегација на државата што претставуваат и, најважно од сè, учествуваат во креирањето политики на меѓународно ниво.

Дополнително, овие младински делегати се активни и на локално ниво, каде што освен што учествуваат на различни настани и конференции поврзани со оваа тема, директно организираат настани, консултации и дискусии со младите и со институциите во насока на заштита на животната средина.

Имајќи предвид дека во Р. С. Македонија веќе две години по ред има програма за младински делегат во ООН, младинските организации заедно со останатите релевантни институции, како што се Агенцијата за млади и спорт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за надворешни работи, треба да вложат напори за поголемо учество на младинскиот делегат во процесите што се однесуваат на климатските промени на меѓународно ниво или, пак, можеби да го следат примерот од другите држави, како што се Шведска, Австрија и Германија, и да се креира програма специфично за специјализирани младински делегати за климатски промени и заштита на животната средина. Во Словачка, член на официјалната делегација на Претседателот на државата на COP27 бил и младинскиот делегат, кој по завршувањето на конференцијата доставил листа на мерки и препораки што треба да бидат преземени од страна на самиот Претседател и од страна на самата држава. Ова претставува одличен пример за учество на младите на највисоко политичко ниво кога станува збор за климатските промени и заштитата на животната средина.

## 2.4. Локални активности со млади поврзани со животната средина и климатските промени

Едни од практиките спомената од страна на младите во ЕУ во врска со поголемата ангажираност на младите во врска со зелените политики и, општо, нивната вклученост претставуваат и локалните консултации со младите од нивната заедница. Во Австрија, младинските делегати во ООН, меѓутоа и младинските организации организираат локални консултации со младите во нивните заедници, каде што дискутираат во однос на проблемите со кои се сочуваат тие младите луѓе поврзани со животната средина. На овие консултации, освен младите од заедницата, може да бидат поканети и претставници на локалната власт што директно ќе ги слушнат проблемите на младите, но и нивните идеи. Како резултат на организираните локални консултации и спроведените дебати, се изработуваат и се доставуваат специфични препораки насочени кон локалните власти за тоа што е потребно да се направи во идниот период. Дополнително, во некои од државите од ЕУ се формираат и локални зелени конференции за млади. Овие конференции за млади претставуваат одличен форум за размена на идеи, дискусија и за креирање предлог-решенија што младинските организации треба да ги имаат предвид. Овој вид специјализирани настани за млади и климатски промени се можност за поголема едукација и информираност на младите во врска со овие теми, но, пред сè, поголема шанса за влијание и учество во процесите на носење одлуки. На овие зелени конференции може да се организираат различни дебати, панели и дискусии со носителите на одлуки.

Локалните младински совети што согласно Законот за младинско учество и младински политики треба да се формираат во сите единици на локалната самоуправа во државата претставуваат одличен форум за консултации со младите поврзани со оваа проблематика. Овие консултации понатаму може да преминат во конкретни чекори што ќе ги преземе Локалниот младински совет согласно неговите надлежности. Повеќе за надлежностите на Локалниот младински совет во Глава 3.

## 2.5. Соработка со партиските подмладоци на зелените партии

Една од практиките споделени од страна на младинските делегати е и соработката со партиските подмладоци на зелените партии. Во голем дел од европските држави, зелените партии претставуваат партии со значителна моќ и со големо гласачко тело. Подмладоците на овие политички партии често соработуваат со младинските организации, како и со младинските активисти во насока на одржување редовни консултации и соработка за креирање политики и вклучување на младите во процесите на носење одлуки.

Во Македонија постои една зелена парламентарна партија, а тоа е партијата Демократска обнова на Македонија, односно ДОМ. Во рамките на ДОМ постои и подмладок, а тоа е Младинската организација на ДОМ, односно МОДОМ. Овој младински подмладок е член на Федерацијата на младите европски Зелени, официјалниот подмладок на Европската партија на Зелените и дополнително е основач и член на Националниот младински совет на Македонија.

Пример за успешна соработка со партиските подмладоци претставува проектот „Младински еко-активизам за зелени општини“, спроведуван од „Go Green“, младинската организација што работи во полето на зелените политики. Активностите се спроведоа првично преку склучување меморандум со партиските подмладоци со цел да се оствари соработка со кандидатот за градоначалник од нивната партија во тие општини.

Преку склучените меморандуми, градоначалниците на општините се обврзаа дека ќе соработуваат со младите на теми како што се животната средина, климатските промени и младинското учество. Некои од општините позитивно одговорија на младинските барања и имплементираа дел од решенијата, како што е велосипедска патика во Кисела Вода, заштитни столпчиња на тротоари во Општина Аеродром, а во тек е и реализацијата на градина во градинка во Општина Чаир.

# 3. ПРЕГЛЕД НА НАЦИОНАЛНИ ЗАКОНСКИ АКТИ ШТО ГО РЕГУЛИРААТ УЧЕСТВОТО НА ГРАЃАНИТЕ/МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА НОСЕЊЕ ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО ПОВРЗАНИ СО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 3.1. Устав на Република Северна Македонија

***Уставот на Република Северна Македонија претставува највисокиот правен акт на државата. Тоа значи, меѓу другото, дека хиерархиски тој е поставен над сите закони и останати подзаконски акти, како и тоа дека сите закони и останати акти мора да бидат во согласност со Уставот.***

Животната средина во Уставот на државата првпат се споменува во членот 8, односно во темелните вредности на самиот акт, каде што се вели дека една од темелните вредности е „уредувањето и хуманизацијата на просторот **и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата“.** Оттука, може да се заклучи дека нашиот уставотворец, односно државата, заштитата и унапредувањето на животната средина ја смета за цел и за вредност од исклучителна важност.

Најсуштинска одредба во Уставот, а која се однесува на животната средина, претставува членот 43, според кој ***„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и да ја штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“.*** Според ова, може да се заклучат две работи – првата е тоа дека здравата животна средина е **право** на секој човек и втората е дека секој човек има **обврска** да се грижи за заштитата на животната средина.

## 3.2. Закон за младинско учество и младински политики

Законот за младинско учество и младински политики претставува клучен и суштински закон што го регулира учеството на младите во процесите на носење политики. Со овој закон, на младите во државата им се дава законско право на нивна вклученост на национално и на локално ниво, но, исто така, предвидува и институционална обврска за вклучување на младите во процесите на градење и креирање политики. Кога станува збор за учеството на младите во процесите на носење одлуки на локално ниво, а особено во процесите за заштита на животната средина, најпрво клучно е да се дефинира младинското учество на локално ниво.

**Младинското учество на локално ниво претставува процес што на младите им овозможува учество и заедничко носење одлуки за политики и програми што директно или индиректно го оформуваат животот на младите во една конкретна општина, односно единица на локалната самоуправа.**



Во Законот за младинско учество и младински политики, формалното учество на младите на локално ниво е предвидено преку **локалниот младински совет.** Локалниот младински совет претставува орган што функционира во рамките на општината, односно единицата на локалната самоуправа, а кој е сочинет од млади[6]. Функцијата на Локалниот младински совет е двојна – **советодавна** и **застапувачка.** Тоа значи дека телото може да биде советувано од Советот на општината или од градоначалникот при креирањето политики, односно тоа значи дека телото може да биде застапувано пред Советот на општината или пред градоначалникот за одредени иницијативи и предлози што се однесуваат на заштитата на животната средина. Во однос на специфичните ингеренции на Локалниот младински совет, според Законот, тој може:

**› да предлага точки на дневен ред на Советот на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје што ги засегаат младите;**

**› да иницира прашања за млади од делокругот на работата на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје;**

**› да иницира, да учествува и да дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;**

**› да доставува информации до општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје за прашања што се однесуваат на младите; и**

**› да врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот.**

Специфично, во однос на првата точка, тоа значи дека членовите на локалниот младински совет може да предложат точка на дневниот ред на советот што се однесува на заштитата на животната средина. На пример, членовите на Локалниот младински совет на Град Скопје може да предложат точка за дискусија во однос на енормното загадување на воздухот во главниот град. Советниците, доколку ја изгласаат точката како дел од дневниот ред, имаат обврска да дискутираат во однос на ова прашање, што претставува прв чекор кон решавање на проблемот и претставува првично учество на младите во процесите што се однесуваат на заштитата на животната средина на локално ниво.

Во однос на младинското учество на локално ниво, Законот предвидува и изготвување локална стратегија за млади. Локалната стратегија за млади претставува стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и со кој се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Стратегијата содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади, има важност од 5 години и неа ја усвојува Советот на општината, односно Советот на Град Скопје. Таа се изработува во соработка помеѓу Советот на општината, односно Советот на Град Скопје и Локалниот младински совет.

Специфично, она што треба да се знае во однос на овој документ е дека постои можност во самиот документ да се утврдат специфични цели, приоритети и активности што се однесуваат на заштитата на животната средина. На пример, Локалниот младински совет на Општина Тетово може да донесе локална младинска стратегија во која предвидува дека ќе го зголеми знаењето на младите во однос на важноста од заштита на животната средина со тоа што ќе предвиди редовни обуки на оваа тема со учениците од средните училишта во Општина Тетово.

6 Согласно Законот за младинско учество и младински политики, млади се лица на возраст од 15 до 29 години.

## 3.3. Закон за локалната самоуправа

Законот за локалната самоуправа претставува закон со кој, меѓу другото, се уредуваат надлежностите на општината и непосредното учество на граѓаните во одлучувањето. Во интерес на самото упатство, вниманието ќе биде насочено единствено кон надлежностите на општината во однос на заштитата на животната средина, како и кон непосредното учество на граѓаните во одлучувањето.

### *3.3.1. Надлежност на општината*

Генерално, општата надлежност на општината како единица на локалната самоуправа, според Законот, се дефинира како „збир на работи од јавен интерес од локално значење кои општината, во согласност со закон, има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување“. Додека, пак, специфично, според Законот, општината е надлежна за „заштитата на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење“. Од ова може да се заклучи дека секоја општина има обврска да се грижи и да ја унапредува животната средина, како и да презема различни мерки за нејзина заштита. Специфично, во однос мерките, општините како единици на локалната самоуправа, но и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа на барање на Владата носат мерки за заштита и спречување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење.

### *3.3.2. Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето*

Кога се однесува на непосредното, односно директното учество на граѓаните во процесите на носење одлуки на локално ниво, Законот предвидува три форми што може да ги искористат граѓаните. Тоа се: 1) граѓанска иницијатива, 2) собир на граѓани и 3) референдум. Подолу ќе биде образложена секоја форма на непосредно учество на граѓаните и на кој начин може таа да се искористи за заштита на животната средина.

*> Граѓанска иницијатива*

Граѓаните, односно младите на една општина имаат право да му предложат на Советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност. Советот е должен да дискутира во однос на иницијативата само доколку таа е поддржана од најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. На пример, младите во Општина Охрид се незадоволни од големиот број диви депонии околу Охридското Езеро, кои имаат катастрофални последици во однос на самото езеро, но и во однос на воздухот и почвата. Група млади сакаат да поднесат граѓанска иницијатива до Советот на Општина Охрид, на кој ќе му предложат зголемување на бројот на инспектори за животна средина во општината. Тоа може да го направат со тоа што физички или онлајн ќе дадат простор за потпишување на жителите на Општина Охрид за поддршка на иницијативата. Доколку овој предлог е поддржан или, во конкретниот случај, потпишан од најмалку 10 % од избирачите на општината, тогаш општината има обврска да дискутира во однос на оваа иницијатива и да се произнесе околу неа.

*> Собир на граѓани*

Собирот на граѓани претставува втората форма на директно одлучување на граѓаните, односно младите во рамките на нивната општина. Тој може да биде свикан од страна на градоначалникот по сопствена иницијатива, на барање на Советот или на барање на најмалку 10 % од избирачите на општината. Во однос на самиот собир, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги земат предвид при одлучувањето и

донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, но и да ги информираат граѓаните за своите одлуки. Доколку на собирот на граѓани на Општина Велес се донесат заклучоци базирани врз основа на одредена анализа, во кои се заклучува дека квалитетот на водата на реката Вардар е на исклучително ниско ниво и дека е потребна мерка што ќе придонесе за прочистување на отпадната вода што се слева во реката Вардар, тогаш овие заклучоци ќе треба да бидат земени предвид од Советот на Општина Велес кога ќе решава по ова прашање, односно проблем.

*> Референдум*

Референдумот претставува највисока и најсилна форма на директно одлучување на граѓаните во процесите на носење одлуки во рамките на општината. Советот е должен да распише референдум на барање на најмалку 20 % од избирачите на општината или тоа може да го направи по сопствена иницијатива. Она што е исклучително важно е тоа што одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот. На пример, на барање на 20 % од избирачите во Општина Гевгелија, Советот распишува референдум за тоа дали општината треба да субвенционира фотоволтаични панели за домаќинствата во Општина Гевгелија. Доколку референдумот е успешен и од аспект на излезност и од аспект на одлука, тогаш таа одлука е задолжителна за советот на Општина Гевгелија и таа има должност да обезбеди субвенции за фотоволтаични панели.

*> Претставки и предлози*

Согласно Законот, секој граѓанин има право, поединечно или заедно со другите, да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. Градоначалникот е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор. На пример, група млади од Општина Гази Баба може да поднесат предлог до градоначалникот на Општина Гази Баба да изгради повеќе велосипедски патеки. На овој предлог, градоначалникот е должен во рок од 60 дена да достави одговор во однос на специфичниот предлог.

## 3.4. Закон за животната средина

Со Законот за животната средина се уредуваат правата и должностите на Република Северна Македонија, на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина со цел остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Овој закон ги задолжува единиците на локалната самоуправа, односно општините, од нивните буџети да обезбедат финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина. Подолу следуваат неколку клучни можности за учество на граѓаните во процесите на носење одлуки за заштита на животната средина што ги предвидува самиот закон.

*> Извештај за состојбата на животната средина*

Во рамките на Законот е предвидено дека самите општини може да донесат извештај за состојбата на животната средина. Меѓутоа, поради тоа што законодавецот го употребува зборот „може“, тоа значи дека ова не претставува обврска за општината, туку е нивно дискреционо право дали ќе го прават тоа или не. Ова претставува одлична можност за младите и младинските организации преку формите на младинско организирање на локално ниво, на пр. локален младински совет, да иницираат општината да започне со практиката на изработка на извештаи за состојбата на животната средина во општината.

## *> Локален акциски план за животна средина*

Во рамките на Законот е предвидено и изготвување локални акциски планови за животната средина, односно план за животната средина на специфичната општина. Она што е важно во однос на овој план е дека Советот на општината формира тело со кое раководи градоначалникот, а чија задача е следење на имплементацијата на локалниот акциски план за животна средина и предлагање промени во локалниот акциски план за животна средина. Ова тело претставува одлична шанса за вклучување членови на Локалниот младински совет, каде што тие директно ќе може да ја следат имплементацијата на планот и да учествуваат во работата на телото. Во однос на постапката за изработка на овој план, општините, заради учество на јавноста во донесувањето одлуки, се должни да ја известат јавноста за сите предлози за изработување, донесување, изменување или ревидирање планови и програми. Општините, известувањето на јавноста го прават по пат на јавни известувања или на друг соодветен начин, како што се електронските и печатените медиуми. Дополнително, општините се должни на јавноста да ѝ овозможат пристап до информации за предлозите, вклучувајќи и информации за правото на јавноста да учествува во постапката за одлучување по плановите и програмите и надлежниот орган до кого може да се поднесуваат забелешки и прашања. Ова значи дека граѓаните, а, пред сè, младите, имаат можност да учествуваат во креирањето на овој документ, додека, пак, општините имаат обврска да ѝ обезбедат право на јавноста да ги изрази своите забелешки, предлози и мислења пред да се донесат одлуките за плановите и програмите, но должни се и при донесувањето на одлуките да ги земат предвид мислењата од учеството на јавноста. Финално, при донесувањето на одлуките по плановите и програмите, општините се должни да преземат мерки за информирање на јавноста во врска со донесените одлуки, како и за причините и основите врз кои се засноваат тие одлуки, вклучувајќи и информирање за процесот на учество на јавноста.

Во однос на содржината на локалниот акциски план за животната средина, според Законот, тој содржи среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето од интерес и во надлежност на општината, а особено за:

1. **заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;**
2. **снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количества;**
3. **заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;**
4. **управување со отпад;**
5. **заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;**
6. **урбан развој и просторно планирање;**
7. **развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;**
8. **зголемување на енергетската ефикасност;**
9. **развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;**
10. **заштита на биодиверзитетот;**
11. **управување и користење на природните богатства;**
12. **подигнување на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;**
13. **последиците од економскиот развој врз животната средина и**
14. **надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.**

## 3.5. Закон за инспекциски надзор во животната средина

Законот за инспекциски надзор во животната средина претставува закон со кој се уредуваат планирањето и спроведувањето на инспекцискиот надзор во животната средина. Согласно Законот, инспекцискиот надзор во животната средина се остварува на централно и на локално ниво. На централно ниво, инспекцискиот надзор се спроведува од страна на Државниот инспекторат за животна средина, додека, пак, на локално ниво, инспекцискиот надзор се спроведува од страна на инспекторите за животна средина на локално ниво што доаѓаат од општините. Во однос на инспекцискиот надзор, кој се врши од страна на инспекторите, тој може да биде редовен, вонреден и контролен. Во интерес на целта на упатството, ќе биде обрнато внимание единствено на вонредниот инспекциски надзор како вид на надзор што дава можност за вклучување на граѓаните.

Вонредниот инспекциски надзор се врши по службена должност или **врз основа на пријава/иницијатива поднесена од физичко или од правно лице,** орган на државна управа или од општините, општините во Градот Скопје и од Градот Скопје, налог на Инспекцискиот совет, како и по писмена наредба на министерот, директорот на Државниот инспекторат за животна средина, односно раководното лице што раководи со инспекциската служба, односно градоначалникот на општината, општините во Градот Скопје и Градот Скопје во чиј состав се наоѓа организациската единица за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво доколку:

**> се поднесени пријави и иницијативи што укажуваат на постоење загрозување на животната средина и здравјето на луѓето;**

**> настанала или кога постои опасност од хаварија или инцидент, која може да има влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето;**

**> се добиени сознанија дека е направено прекршување на условите пропишани во прописите или актите со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста поради нивното негативно влијание врз животната средина;**

**> е потребно преземање дополнителни мерки за спроведување на прописите од областа на животната средина;**

**> настанат измени во прописите за заштита на животната средина со што се менуваат условите на вршењето на дејноста и/или активноста и**

**> согласно закон е пропишано дека е потребно спроведување инспекциски надзор за издавање, измена или ревизија на актот со кој е регулирано вршењето на дејноста или во друг случај пропишан со закон.**

Дополнително, секое физичко лице што има сознание дека постои загрозување на животната средина и здравјето на луѓето може да пријави и во полициска станица. Оттука, може да се увиди дека и физичкото лице како такво може да поднесе пријава, односно иницијатива за вонреден инспекциски надзор доколку смета дека одреден субјект (физичко или правно лице, т. е. индивидуа или фирма/компанија/фабрика) придонесува за загрозување на животната средина и здравјето на луѓето.

# 4. НА КОЈ НАЧИН МЛАДИТЕ АКТИВНО ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО?

Вклучувањето на младите во процесите за заштита на животната средина и борбата против климатските промени е од исклучителна важност. Влијанијата на климатските промени се многу загрижувачки за младите луѓе ширум светот. Преку различни глобални, национални и локални младински движења, младите го креваат својот глас и се залагаат за нивно активно учество во процесите за заштита на животната средина и борбата против климатските промени. Младите вложуваат напори за креирање механизми, т. е. алатки што ќе им дадат можност да придонесат за креирање спроведување и преглед на зелени политики. Сепак, и покрај многубројните напори од младите луѓе од целиот свет, владите сè уште имаат недостиг на политичка волја и разбирање за вклучувањето на младите во овие важни процеси. Оттука, и покрај добрите намери, учеството на младите често завршува во форма на токенизам, каде што нивното учество е маргинално, површно или, пак, непостоечко. Имајќи го предвид ова, а особено имајќи ја превид ситуацијата со животната средина во нашата држава, потребно е младите луѓе, како агенти и промотори на заштита на животната средина и борбата против климатските промени, да бидат тие што активно ќе бидат вклучени во овие т.н. „зелени“ процеси.

Пред да се навлезе детално во тоа како младите може да се вклучат во процесите за заштита на животната средина на локално ниво, потребно е да се дефинира поимот младинско учество.



**Младинското учество е процес што на младите им овозможува учество и заедничко носење одлуки за политики и програми што директно или индиректно го оформуваат животот на младите.**

Кога зборуваме за младинско учество, од исклучителна важност е да се земе предвид и скалата на Роџер Харт[7], која се однесува на скалилата на младинското учество. Преку табелата може да се увиди: 1) на кој степен е моменталното учество на младите во процесите на носење одлуки што се однесуваат на заштита на животната средина и 2) до кој степен треба да се цели.

7 Достапна на следниот линк: https://www.unicef-irc.org/publications/pdf/childrens_participation.pdf




Слика бр. 1 Скала на нивоа на младинско учество изработена од Роџер Харт

## 4.1.1. Опис на скалилата на младинско учество

**Скалило 8: Споделено донесување одлуки**
Проекти или идеи иницирани од страна на млади луѓе, кои ги поттикнуваат возрасните да учествуваат во процесот на донесување одлуки како партнери.

**Скалило 7: Иницирано и водено од младите луѓе**
Проекти или идеи директно иницирани од младите луѓе. Возрасните може да бидат вклучени за да ја дадат потребната поддршка, но проектот може да биде реализиран и без нивна интервенција.

**Скалило 6: Иницирано од возрасните, споделено носење одлуки со младите**
Процесите се иницирани од страна на возрасните, но младите се поканети при носењето одлуки и преземаат одговорност како рамноправни партнери.

**Скалило 5: Консултирани и информирани**
Проекти што се иницираат и се спроведуваат од страна на возрасните, додека, пак, младите луѓе даваат совети и предлози и се информирани како овие предлози придонесуваат за конечните одлуки или резултати.

**Скалило 4: Назначени, но информирани**
Проекти иницирани и реализирани од страна на возрасните, додека, пак, младите луѓе се поканети да земат одредени улоги или задачи во рамките на проектот и се свесни за влијанието што тие го имаат во реалноста.

**Скалило 3: Токенизам**
Младите луѓе имаат некои улоги во рамките на проекти, но тие немаат реално влијание врз кои било одлуки. Постои лажна слика (намерно или ненамерно) дека младите луѓе учествуваат кога, всушност, тие немаат никаков избор за она што го прават и како го прават тоа.

**Скалило 2: Декорација**
Младите луѓе се потребни во процесот за да ги претставуваат младите како обесправена група. Тие немаат значајна улога, но, како и секоја декорација, ставени се на видно место во рамките на еден проект или организација за да може лесно да бидат забележани од надворешноста.

**Скалило 1: Манипулација**
Младите луѓе се поканети да земат учество во проектот, но тие немаат реално влијание врз одлуките и исходите. Всушност, нивното присуство се користи за да се постигнат некои други цели како што се, на пример, победа на локалните избори, давање подобра слика за една институција итн.

Младинското учество може да биде формално и неформално. Во однос на формалното, доволно е да се погледне делот што ги анализира специфичните закони што се однесуваат на заштитата на животната средина и младинското учество.  Во однос на неформалното учество, тоа претставува вид на учество што не е предвидено со специфичен акт. Најчесто, неформалното младинско учество произлегува од очигледната потреба за вклучување на младите во одреден процес од самата институција или од самите млади. Неформалното учество на младите може да се оствари индивидуално, групно или, пак, преку здружение на граѓани.

## 4.1.2. Чекори за решавање на проблемот во мојата општина












## 5 Информирање и сензитивизирање на јавноста



## 6 Воспоставување контакт со релевантната институција



## 7 Презентација и креирање заеднички решенија/мерки



## 8 План за дејствување



Во табелата подолу се објаснети сите чекори преку практичен пример:

| **Име на иницијативата** | **За чист воздух во Тетово!** – неформална група граѓани |
|---|---|
| **Дефинирање на проблемот**  | Светската здравствена организација во 2017 година забележува дека 6 од 10 најзагадени градови во Европа (со исклучок на Турција) се на Балканот, а Тетово е на врвот на таа листа. Според Светска банка, во Северна Македонија годишно 1 350 лица го губат својот живот како резултат на загадувањето од ситни честички. |
| **Собирање информации за проблемот**  | Со цел да може да се премине кон следните чекори, задолжително е да се соберат информации поврзани со проблемот – неговиот извор, последиците и влијанијата. Во конкретниот случај, потребно е да се соберат информации од мерните станици во Тетово за загаденоста на воздухот, извештаи од меѓународните организации како што се, на пр. Светска банка и ООН, понатаму извештаите од страна на институциите, како и граѓанските организации. Важна алатка во процесот на собирање информации од јавните институции е Барањето за пристап до информации од јавен карактер (документ 3, Анекс 1). Барањето може да се поднесе усно, писмено или електронски (на електронска адреса). Институцијата што е имател на информацијата е должна веднаш да одговори по барањето, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето. |
| **Консултација со експерти**  | По собирањето на податоците поврзани со загадувањето се преминува кон консултација со експертите во областа, во конкретниот случај експерти со познавање од областа на аерозагадувањето. Експертите во областа најчесто може да се пронајдат во академската заедница (универзитети, факултети, институти), меѓународни организации, како и меѓународни специјализирани организации и невладини организации. Идејата на овој чекор е овие консултации првично да придонесат за посеопфатна анализа на собраните информации, но и дополнително да помогнат во креирањето, односно формирањето аргументи и предлог-решенија и политики за решавање на проблемот со загадувањето во Тетово. |
| **Мапирање релевантни институции**  | Откако е завршен процесот на собирање информации и креирање аргументи и предлог-решенија/политики, се преминува кон мапирање на релевантните институции. Под релевантни институции во овој пример се сметаат сите оние институции што со својата надлежност и моќ може да придонесат за решавање на проблемот со загадувањето во Тетово. Како пример, релевантни институции се, пред сè, Советот на Општина Тетово и градоначалникот. Идејата е да се мапираат соодветните места и канали каде што ќе може да бидат пренесени аргументите и предлог-решенијата/политиките. |
| **Информирање и сензитивизирање на јавноста**  | Со цел поголемо сензитивизирање на јавноста, се преминува кон нејзино информирање во врска со самиот проблем, односно колку, кој кога загадува и кои се последиците од загадувањето и, второ, што, кој и кога треба да направи нешто со цел да се реши проблемот. Идејата на овој чекор е поголемо запознавање на јавноста со проблемот со кој се соочува, очекувајќи дека таа ќе биде посвесна и поактивна во барањата за решавање на проблемот. Информирањето на јавноста може да биде преку медиумите (праќање соопштенија, одржување прес-конференција и сл.), како и преку останати креативни начини што ќе бидат објаснети подолу. |

**Воспоставување контакт со релевантната институција**



По информирањето на јавноста, кога се очекува дека поголем дел од граѓаните се свесни за проблемот со загадувањето и неговите последици, се преминува кон воспоставување контакт со општината како најрелевантно тело на локално ниво што има ингеренции и надлежности за решавање на проблемот со загадувањето. Идејата на овој чекор е да се пристапи како партнер со институцијата, каде што групата ќе може да ѝ помогне во заедничкото решавање на проблемот. Воспоставувањето контакт може да се направи електронски, преку официјалната електронска адреса на институцијата (во овој случај општината), телефонски или, пак, преку барање за состанок со допис во архивата на самата институција. Во конкретниот случај, може да се закаже состанок со градоначалникот на општината, секторот надлежен за животна средина во рамките на општината, како и со претставници на координативните групи на советниците во рамките на самата општина.

**Презентација и креирање заеднички решенија/мерки**



По воспоставувањето контакт со општината, се преминува кон финалниот чекор, а тоа е состанок со релевантната институција, каде што ќе се презентираат аргументите и ќе се побара поддршка за креирање специфични мерки. На состанокот е потребно да се презентираат аргументите и предлог-решенијата/политиките изработени од страна на групата. Потребно е да се презентира зошто проблемот е сериозен, како влијае тој врз популацијата и како мерките што ги предлага групата влијаат врз решавањето на проблемот. Доколку релевантната институција ги прифати решенијата/мерките/политиките, тогаш групата има добар почеток и ќе треба да биде постојано во координација со институцијата, но ќе треба да врши и надзор врз тоа колку е исполнето од ветеното. Доколку релевантната институција не ги прифати решенијата, т. е. предлог-мерките/политиките, тогаш се преминува кон повторно сензитивизирање и информирање на јавноста со цел вршење индиректен притисок на носителите на власта, како и на продолжување на дијалогот со релевантната институција во насока на изнаоѓање компромисно решение.

# 4.1.3. Креативни алатки за зелен младински активизам



1

**СТЕНСИЛИ**

Шаблон изработен од хартија, пластика, дрво или метал со букви или дизајни исечени во него, кои се пресликуваат на површина по избор со нанесување пигмент (боја, спреј или сл.).




Извор: УНИЦЕФ МК

2

**МУРАЛ**

Секое парче графичко уметничко дело што е насликано директно на ѕид, таван или друга постојана подлога најчесто во големи димензии. Техниките на мурали вклучуваат фрески, мозаик, графити и маруфлаж.




3

**СТИКЕРИ**

Креативни налепници што имаат долга историја и се вкоренети во уличната култура и активизам. Тие се поврзани со терминот „герила-активизам“ за да се опише објавувањето на пораката на „вознемирувачки“ начини што се евтини, ефективни и ги изненадуваат луѓето.



Извор: ФАКТОР МК

## 4 ФОТОГРАФИЈА и ВИДЕО

Некои работи не може да се раскажат со зборови, па затоа фотографијата и видеата се едни од најпопуларните алатки што се користат за застапување за промена на социјалната свест. Неретко, особено на социјалните мрежи, може да се забележат моќни фотографии и кратки видеа од протести, војни, активистички акции и слично.




Извор: Младински образовен форум (МОФ)

## 5 ИНСТАЛАЦИИ НА ЈАВЕН ПРОСТОР

Изработка на различни предмети, објекти или сл. од материјали како што се пластика, гума, стиропор, дрво или сл., кои се поставуваат на јавни површини и го привлекуваат вниманието на минувачите.

## 6 УМЕТНИЧКИ ПЕРФОРМАНСИ

Музички или актерски перформанси на јавни простори или на сцена што преку креативен начин ќе го информираат населението за специфичниот проблем и ќе го поттикнат на поголем личен активизам во решавањето на проблемот.



7

### ОНЛАЈН ПЕТИЦИИ

Петиции што се креираат на одредени веб-страници, најчесто на Change.org, кои се потпишуваат онлајн и се споделуваат на социјалните мрежи. Предноста на оваа алатка е тоа што може да биде пристапна за колку што е можно поголем број граѓани, па така процесот на собирање и мобилизирање поддршка за одредена цел или кауза е многу полесен. Во 2016 година, на онлајн платформата Change.org се појави петиција од граѓаните во Р. С. Македонија за стопирање на изградбата на Панорамското тркало во центарот на Скопје. Петицијата за кратко време ја потпишаа повеќе од 7 800 потписници од декември 2016 година до јануари 2017 година. Советниците во Општина Центар во текот на 2017 година гласаа за поништување на ДУП-от „Мал Ринг", по што требаше да се стопираат сите градежни активности на објекти во спорните делови на општината каде што припаѓаше и Панорамското тркало. Во текот на 2021 година беше креирана онлајн петиција со барање да се запре урбаното дивеење и изградба на објект во близина на хотелот „Холидеј Ин", онлајн петиција за учебници и часови со физичко присуство и онлајн петиција за затворање на Зоолошката градина во Битола, која беше успешна и со неа беше постигнат бројот на потребни потписници што беше доставен до Советот на општината.




Извор: https://www.instagram.com/yfoeememes/

8

### МЕМИЊА

Вид монтирани фотографии што се споделуваат на социјалните мрежи, а чија цел е на хумористичен и/или саркастичен начин да го прикажат проблемот.

9

### БЛОГОВИ

Форми на граѓанско новинарство што претставуваат форуми каде што секој граѓанин може да напише текст за одреден проблем и да ја информира јавноста за него.

10

### ОНЛАЈН КАМПАЊИ

Креирање онлајн кампања преку споделување специфични информации, фотографии и сл. за одреден проблем, притоа користејќи # (тарабна ознака – хаштаг).



# 5.1. АНЕКС 1

**Подносител на барањето:**

**До: Институција**
**Дирекција**
**Сектор**

## БАРАЊЕ

**Предмет:**

Содржината на барањето (за кои потреби поднесуваме барање до надлежната институција, дирекција, сектор. Барањето се однесува за работи што ни следуваат согласно закон и институциите имаат обврска да ги исполнат.)

**Подносител на барањето**

**Во: (место)**________________**, (датум)**________________ ________________________

# 5.2. АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

**Подносител:** Име и презиме
Податоци за контакт:
Поштенска адреса/електронска адреса
и/или телефонски број (за
доставување одговор)

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата (единица на локална самоуправа, институција или сл.)**

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

**Опис**
(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

**Датум и место на поднесување**

________________________

**Потпис на подносителот**

________________________

# 5.3. АНЕКС 3

## БАРАЊЕ
### ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**
(се наведуваат податоци за Барателот:
назив, име и презиме, адреса, телефон, факс, е-пошта)

**До:**
(имател на информацијата)

**Застапник/полномошник на барателот на информацијата:**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот:
назив, име и презиме, адреса, телефон, факс, е-пошта)

Врз основа на членот 4 и членот 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(опис на информацијата што се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид б) препис в) фотокопија г) електронски запис д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување) ________________

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта б) телефон в) факс г) е-пошта д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување) ________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но потребно е да наведе дека станува збор за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

____________________

**Во ________________, ____.____ 202_ година.**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Проектот е финансиран од Европската унија

МЗМП

Ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, 1000 Скопје

Телефон: 02/3220-870

Е-пошта: contact@myla.org.mk

Веб-страница: www.myla.org.mk